Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
Д Р Ж А В Н А   К О М И С И Ј А   З А   Ж А Л Б И
П О   Ј А В Н И   Н А Б А В К И
С К О П Ј Е

| Примено: 01.11.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 67/15 | 0 | |

У-5 бр.449/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Димитрула Апостоловска - претседател на совет, Ана Герасимовска и Валентина Конеска - членови на советот, со записничар Ивана Смугреска – виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство на моторни и индустриски масла, трговија и услуги 3 СТ ДООЕЛ од Скопје, поднесна преку полномошник адвокат Димче Наков од Скопје против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-67/10 од 05.02.2019 година, за избор на најповолна понуда, на седницата на советот одржана на ден 17.10.2019 година донесе

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство на моторни и индустриски масла, трговија и услуги 3 СТ ДООЕЛ од Скопје, поднесена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-67/10 од 05.02.2019 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, бр.09-67/10 од 05.02.2019 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се одбива како неоснована жалбата на сега тужителот поднесена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-45/2 од 09.01.2019 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр.02-911/3/2018 за набавка на стоки – масла и мазива на договорниот орган ЈП Македонски шуми П.О. - Скопје.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-67/10 од 05.02.2019 година, останал сега тужителот 3 СТ ДООЕЛ од Скопје, кој го поведе предметниот управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено, поради суштествена повреда на одредбите на постапката, погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека договорниот орган во техничката спецификација ги навел бараните производи со спецификации, а како доказ за исполнување на стандард за квалитет навел дека се бара минимум едно веродостојно одобрение/потврда (Approval) издадено од производителот на агрегати (моторите) на производителот на маслото, како и да биде доставена листа на технички карактеристики. Било наведено и дека понудувачите се обврзани да достават и каталог за понудените производи, од кој би се утврдиле бараните параметри – карактеристики наведени во техничката спецификација. Наведува дека договорниот орган, дополнително извршил измена на тендерската документација, при што со направената измена не било наведено дека понудувачите се должни да достават и каталог за понудените производи. Како одобренијата кои ги побарал договорниот орган не претставуваат доказ за квалитетот на производите, тужителот наведува дека тужениот орган ги повредил одредбите од член 2 и член 36 од Законот за јавните набавки. Од наведените причини предложи тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи.

[2] 09-67/15 [2019]

Во одговор на тужба, тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, во образложение дека Државната комисија за жалби по јавни набавки, правилно и целосно ја утврдила фактичката состојба на работите и на така утврдена фактичка состојба правилно го применила материјалното право.

Согласно член 13 од Законот за управните спорови ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/06 и 150/10), Судот ги извести заинтересираните лица СИНПЕКС ДОО од Битола и МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје, за поднесената тужба, кои писмена истите уредно го примиле на ден 13.04.2019 година и на ден 12.04.2019 година, видно од повратниците кон списите на предметот, при што СИНПЕКС ДОО од Битола до денес не достави одговор на тужба, додека МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје достави одговор на тужба. Во така доставениот одговор на тужба, заинтересираното лице наведе дека правилно тужениот орган ја отфрлил понудата на сега тужителот со оглед да истиот не доставил каталог за понудените производи, иако несомнено тоа било побарано со тендерската документација.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот на управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите кон предметот, Судот утврди дека ЈП Македонски шуми како договорен орган, спровел постапка за јавна набавка со отворена постапка врз основа на објавен Оглас бр.02-911/3/2018 од 09.11.2018 година за набавка на стоки – масла и мазива, за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.02-911/1 од 05.11.2018 година. Видно од објавениот оглас, предметот на набавката бил делив на 4 (четири) дела и тоа: дел 1- масла/мазива, дел 2 – течност наменета за сите видови сопирачки системи за возила, дел 3 – разладна течност за мотори и заштита од замрзнување и корозија и дел 4 – повеќенаменска маст за подмачкување на лежишта за сите видови возила, а средствата за набавка на стоките биле определени во висина од 7.000.000,00 денари без вклучен ДДВ. Договорниот орган предвидел дека како критериум за избор да се користи најниска цена, постапката да се спроведе со користење на електронски средства и истата да заврши со спроведување на електронска аукција, а од понудувачите било побарано да доставаат Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (10%).

За извршеното отварање на понудите, Комисијата при договорниот орган составила Записник од отварањето на понудите, бр.02-911/5 од 04.12.2018 година, во кој е нотирано дека пристигнати се вкупно 7(седум) понуди, при што во прилог на записникот составена е и Табела со податоци за елементите на понудите кои се читаат на отварањето на понудите, уредно потпишана од членовите на Комисијата за јавната набавка. Дополнително, Комисијата за јавни набавки, составила Извештај од спроведената постапка број 02-45/1 од 09.01.2019 година, во кој е нотирано дека по извршената евалуација на поднесените понуди од понудувачите, било утврдено дека понудите на АЛС-Б ДООЕЛ од Скопје, ТОП СИСТЕМ ДОО од Скопје, ЛАДА НИВА ДООЕЛ од Скопје и сега тужителот 3 СТ ДООЕЛ од Скопје, не ги исполнуваат условите за учество, односно содржат формални недостатоци поради што нема да бидат предмет на натамошна евалуација. Конкретно, понудата на сега тужителот

била отфрлена како неприфатлива, бидејќи не доставил докази за исполнување на стандарди за квалитет на производот, согласно наведеното во точка II. Техничка спецификација од Тендерската документација. По извршената евалуација на понудите и спроведување на е-аукцијата за што бил составен Извештај за текот на е-аукцијата на масла и мазива, Комисијата за јавни набавки при договорниот орган дала предлог за избор на најповолна понуда за делот 1- масла/мазива – СИНПЕКС ДОО Битола, за делот 2 - течност наменета за сите видови сопирачки системи за возила – СИНПЕКС ДОО Битола, за делот 3 – разладна течност за мотори и заштита од замрзнување и корозија – СИНПЕКС ДОО Битола и за делот 4 – повеќенаменска маст за подмачкување на лежишта за сите видови возила – МАКАУТОСТАР ДООЕЛ Скопје.

По вака спроведената постапка, одговорното лице во ЈП Македонски шуми П.О. - Скопје донело Одлука за избор на најповолна понуда и доделување на Договор за јавна набавка на стоки – масла и мазива број 02-45/2 од 09.01.2019 година, со која како најповолна понуда за деловите 1, 2 и 3 – масла/мазива, течност наменета за сите видови сопирачки системи за возила и разладна течност за мотори и заштита од замрзнување и корозија, била избрана понудата на СИНПЕКС ДОО Битола, а за делот 4 – повеќенаменска маст за подмачкување на лежишта за сите видови возила, била избрана понудата на МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје.

Против вака донесената одлука на договорниот орган, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки вложил сега тужителот 3 СТ ДООЕЛ од Скопје, која жалба со сега оспореното Решение бр.09-67/10 од 05.02.2019 година била одбиена како неоснована.

Незадоволен од Решението бр.09-67/10 од 05.02.2019 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, останал сега тужителот кој го повел предметниот управен спор.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 алинеја 1 и 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07...165/17), уредено е дека со овој закон се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори и еднаков третман и недискриминација на економските оператори.

Согласно членот 3 став 1 точка 11 од истиот закон, „тендерска документација“ е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата. Согласно точка 12 од истиот член, техничка спецификација“ е збир на технички услови, прописи, препораки и стандарди со кои детално се дефинираат минималните барања од технички аспект кои стоките, услугите или работите предмет на договорот за јавна набавка треба да ги задоволат. Согласно точка 24 од истиот член од законот, „прифатлива понуда“ е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Согласно член 32 став 1 од Законот за јавните набавки, договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на

економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Согласно член 33 став 1 од Законот за јавните набавки, со техничките спецификации, доколку е потребно, се дефинираат следниве карактеристики: ниво на квалитет, техничко ниво и ниво на изведба, барања во врска со влијанието врз животната средина и безбедноста при користење, како и димензии, терминологија, симболи, методи на тестирање, пакување, означување и етикетирање и инструкции за користење на стоката, системи за обезбедување на квалитет, услови и постапки за оцена на сообразност со релевантните стандарди или други слични барања.

Согласно член 36 став 1 од Законот за јавните набавки, договорниот орган не смее да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање или елиминирање на определени економски оператори или определени стоки

Согласно член 140 став 7 од Законот за јавните набавки, неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Согласно став 8 од истиот член, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка. Согласно став 9 од истиот член Комисијата по извршената евалуација ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување на предлог за избор на најповолна понуда.

Врз основа на вака утврденото и цитираните законски одредби, Судот констатира дека при одлучувањето тужениот орган со оспореното решение правилно ги применил истите, кога одлучил дека жалбата на сега тужителот 3 СТ ДООЕЛ од Скопје поднесена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-45/2 од 09.01.2019 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр.02-911/3/2018 за набавка на стоки – масла и мазива на договорниот орган ЈП Македонски шуми П.О - Скопје е неоснована.

Имено, тужениот орган правилно утврдил дека сега тужителот нема доставено соодветна техничка понуда согласно барањата од тендерската документација на договорниот орган. Конкретно, согласно тендерската документација понудувачите покрај другото биле должни да достават и каталог за понудените производи, а како тужителот кон понудата доставил документи од чијашто содржина не може да се утврди дека дали станува збор за каталози со кои се потврдуваат барањата од техничката спецификација, правилно одлучил тужениот орган кога жалбата на сега тужителот ја одбил како неоснована. Следствено на наведеното, произлегува дека тужителот не доставил комплетна и соодветна техничка понуда, поради што неговата понуда била отфрлена како неприфатлива и не била предмет на натамошна евалуација. Во однос на тужбените наводи дека дефинираните технички спецификации упатуваат на конкретни производители и дека со нив и со бараните докази за квалитет – одобренија/потврди (Approval) се врши дискриминација на економските оператори, што е спротивно на член 2 и член 36 од Законот за јавните набавки, Управниот суд најде дека техничките спецификации се дефинирани согласно член 33 став 2 од законот, па оттука во никој случај не може да стане збор за спецификации со кои се фаворизира одреден производител.

Врз основа на вака утврденото, Судот ги ценеше тужбените наводи, но истите ги оцени како ирелевантни по однос на конечната одлука во конкретниот управен спор, од причините елаборирани во претходниот став од образложението на оваа пресуда.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на ова, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи како во изреката на пресудата согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови(“Службен весник на РМ” бр.62/06 и 150/10).

Пресудено во Управен суд на 17.10.2019 година, под У-5.бр.449/2019.

Записничар - виш судски соработник
Ивана Смугреска

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

НК/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник